Согласно член 91 став 3 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015 и 129/2015) изготвен е

# ЗАПИСНИК

**од јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за изведување на Проектот: "Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустрискиот комплес ТЕТЕКС – Тетово" одржана во Општина Тетово**

На ден 25.11.2015 година (среда) во салата на Советот на советот на општина Тетово се одржа јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проектот: "Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустрискиот комплес ТЕТЕКС – Тетово" во Општина Тетово, за потребите на инвеститорот ДПТУ "БЛУ ЕНЕРЏИ" ДОО од Тетово. Јавната расправа ја организираше Министерството за животна средина и просторно планирање и започна во 12:15 часот. Јавната расправа се водеше на македонски јазик со превод на албански јазик.

Присутни:

- Билјана Петкоска – Раководител на Сектор за животна средина, Управа за животна средина (УЖС) при Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)
- Александар Петковски – пом. раководител на Сектор за животна средина, МЖСПП;
- М-р Зоран Бошев – Раководител на одделение за оцена на влијание врз животната средина, УЖС при МЖСПП
- Рашид Гулерјуз - Претставник од страна на инвеститорот "Блу Енерџи"
- Реџат Амети - Претставник од страна на инвеститорот "Блу Енерџи"
- Марјан Михајлов - Експерт за оцена на влијание врз животна средина "МАНЕКО Солушнс" од Скопје;
- Константин Сидеровски - Експерт за оцена на влијание врз животна средина "ЕМПИРИА ЕМС" од Скопје;
- Представници од страна на МЖСПП
- заинтересирани/засегнати граѓани. (Листа на присутни во прилог)

Јавната расправа ја водеше м-р Зоран Бошев со следниот Дневен ред:

1. Отварање, вовед и преставување на учесниците – преставување на причината за одржување на јавната расправа;
2. Краток осврт на проектот од страна на инвеститорот;
3. Презентација на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина;
4. Дискусија по однос на Студијата за ОВЖС;
5. Затварање на јавната расправа.

1. Отварање, вовед и преставување на учесниците

Јавната расправа ја отвори и ја водеше Зоран Бошев – Раководител на одделение за оцена на влијание взр животната средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По кратокиот осврт на постапката за оцена на влијание врз животна средина му даде збор на претставникот на инвеститорот Рашид Гулерјуз да даде краток осврт на проектот.

2. Краток осврт за проектот од страна на инвеститорот

Г-дин Гулерјуз истакна дека спроводувањето на овој проект е искористување односно рециклирање на отпадните масла, за кои има податоци дека количината на ниво на Македонија изнесува околку 10 000 тони, а со тоа и заштита на животната средина. Спротивно на гласините кои кружат смета дека овој проект е за заштита на животната средина.

3. Презентација на Студијата

Марјан Михајлов ја презентираше Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: "Воспоставување на инсталација за преработка на искористени масла, на локација на опфатот на индустрискиот комплес ТЕТЕКС – Тетово" во општина Тетово. Со предложениот проект инвеститорот има намера да воспостави нов технолошки процес – активност за механички и физички третман – преработка на искористени моторни и растителни масла преку процес на вакуумска детилација и добивање на основно масло и други дестилатори како карен производ. Предложената активност се планира да биде воспоставена во постојан објект, во опфатот на индустрискиот комплес.
Консултантот исто така истакна дека во Студијата за ОВЖС се анализирани следниве главни влијанија: квалитет на воздух, квалитет врз површински подземи вода и почва, градежна бучава и вибрации,оперативна бучава и вибрации, социо-економски влијанија , отпад и тоа во сите фази од животниот циклус на проектот - фаза на изградба, оперативна фаза и фаза на евентуално престанување со работа. За секое од овие влијанија, по секоја фаза поодделно, предвидени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија.
По завршувањето на презентацијата на Студијата за ОВЖС, Зоран Бошев ја отвори дискусијата.

4. Дискусија

***Коментар:*** Даут Емини, Представник на општина Тетово. Ја поздрави иницијативата за спроведување на ваков тип на проект и упати благодарност до инвеститорот, бидејќи смета дека ваквите типови на проекти се за зачувување на животната средина. Загриженоста кај граѓаните е поради моменталната состојба на градот Тетово.

*Коментар:* во врска со коментарот даден од страна на г-дин Емини, инвеститорот изрази благодарност за даденото позитивно мислење и поддршката изразена од страна на општина Тетово.

*Прашање:* Башким Сулејмани - новинар на Алсат меѓутоа на јавната расправа дискутира како жител на општина Тетово. Најпрво истака дека не е против инвеститорот, меѓутоа е загрижен за негативното влијние на проектот врз животната средина и има две прашања:

- Првото прашање кое е упатено до претставникот на општина Тетово и гласи: каква анализа има направено општина Тетово за влијанијата врз животната средина што општината го подржува овој проектот и
- Второто прашање кое е упатено до инвеститорот. Како ги дава овие гаранции за животната средина кога Тетекс е изграден многу одамна и се работи за стара градба. Понатака побара објаснување за бучавата која ги вознемири сите жители на село Долно Палчиште, дали се работи за истата компанија, зошто не е спроведена јавна расправа за објектот во Долно Палчиште и како сериозна фирма дозволува да има такви инциденти уште при самиот почеток на работа на проектот.

*Одговор:*

- По однос на првото прашање Даут Емини истакна дека општина Тетово е најзагаден град, меѓутоа смета дека со собирањето на отпадните масла ќе има услови за подобра животна средина, а тие сознанија ги константира од самата презентација на Студијата за ОВЖС која ја имаат направено стручни лица.
- Во врска со второто прашање, инвеститорот кажа дека за вознемираноста која настана во Долно Палчиште било како резултат на тоа што таму не беше затворен целиот процес. Во врска со тоа дека Тетекс се стари објекти, истакна дека е предвидено инвестирање во нова опрема.
- Зоран Бошев – истакна дека јавна расправа не беше спроведена за објектот во Долно Палчиште бидејќи инвеститорот по поднесеното известување за намера го повлече барањето и го сторнира проектот, така да самиот процес не стигна до јавна јасправа.

*Прашање:* Адријан Џафери – Невладина Организација Еко Герила – за овој проект ќе има потреба да се консултира со негови стручни лица па потребно ќе му биде дополнително време за произнесување и побара рок од 20 дена да се произнесат по истиот. Меѓутоа како забелешки ги истакна:

- Во презентацијата беа понудени две различни колични на отпадни масла кои се собираат на годишно ниво, па се запраша која е точната количина, дали е направена кост-бенефит анализа, бидејќи ваков случај во Албанија донесе до затварање на објект поради недоволни количини на отпадни масла, дали е направен план за инцидентини случаеви, не е јасно дали е направена пренамена согласно Урбанистичкиот план, потврда дека маслата нема да содржата ПХБ и слично.

*Одговор:*

- Зоран Бошев – го прифати рокот побаран од страна на Невладина Организација Еко Герила и посочи дека сите заинтересирани граѓани забелешките по однос на Студијата за ОВЖС може да ги достават во писмена форма до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 20 дена.
- Марјан Михајлов – во однос на количните на отпадни масла истакана дека едниот податок е официјален податок во Стратегијата за управување на отпад, додека другиот податок се неофицијални колични собрани отпани масла во Република Македонија за 2012 година и дека конфузијата на бројки настанува како резултат на недостаток на официјални информации.

  Во однос на планот за инцидентни состојби, посочи дека тој се изработува во понатамошна фаза, односно со припремање на ИСКЗ (IPPS) апликацијата, каде ќе биде се јасно дефиниран.

  Имајќи во предвид дека представниот од Еко Герила истакна дека забелешките ќе бидат доставени во писмена форма, не очекува објаснување во овој момент, а од страна на Константин Сидеровски беше истакнато дека за сите забелешки ќе му биде одговорено во писмена форма по добивањето на забелешките.
- Представникот од Еко Герила - Адријан Џафери беше поканет од страна на инвеститорот на состанок, увид во целокупната документација и увид на лице место на објектот, каде ќе му бидат образложени сите планови на инвеститорот.
- Зоран Бошев истакна дека имајќи во предвид дека постапката ја води МЖСПП пожелно би било и членови од Министерството да биде вклучени во разговорите.

*Прашање:* Бујат Умиши – Универзитетски професор по хемија на Тетовскиот универзитет. Истакна дека иницијативата е добра до колку се спроведува во согласнот со презентираното. Не ја има разгледано Студијата за ОВЖС меѓутоа не му се допаѓа изборот на локацијата, смета дека истата е во населено место и не е добар избор на ваков тип на објект.

*Одговор:* Константин Сидеровиски – изборот на локацијата е сериозен процес. Во тек на презентацијата беа образложени сите локации кои се земени во предвид и анализите врз основа на кој е избрана локацијата. При што беше извршена презентација на истите.

*Прашање:* Бујат Умиши – Универзитетски професор по хемија на Тетовскиот универзитет. Како ќе биде загревањето на објектот?

*Одговор:* Марјан Михајлов – На почеток ќе се работи со постоечкото загревање на објектите на Тетекс, а тоа е со мазут, за понатака да се оди со горење на екстра лесно масло.

*Прашање:* Агрон Реџа – инспектор за животна средина, како инвеститорот го има решено прашањето со собирање на отпадно масло

*Одговор:*

- Марјан Михајлов – истакна дека собирањето на отпадното масло е дел од проблемот, а за тоа е потребно покрај инвеститорот да помогнат и сите НВО за подигнување на јавната свест кај населението. Планирано е откупување на отпадното масло ќе биде од лиценцирани собирачи.
- Инвеститорот истакна дека понатаму се планира контејнери да им бидат дадени на создавачите на отпадни масла и од страна на Блу Енерџи ќе се врши собирање на тие контејнери. Исто така планираат и проект паралелен со овој односно се планира на секои 20 литри собрано отпадно масло да биде засадено дрво на територијата на општина Тетово.

***Прашање:*** Претставник од Еко Герила - Кои се економските придобивки на градот Тетово од спроведувањето на овој проект ?

*Одговор:* Инвеститорот – Се планираат 40нови вработувања во градот Тетово, а со комплетирање на собирачите на отпадно масло бројот ќе достигне до 200.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори Зоран Бошев во 15:00 часот

Записничар:
Билјана Петкоска